Врз основа на член 12, 14 и 39 Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09), член 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/12), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден __.__.20__ година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дезинсекција и дератизација**
**во Општина Демир Хисар за 2024 година**

## I. ВОВЕД

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓаните.

## II. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во Општина Демир Хисар од заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2024 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во Општина Демир Хисар.

## III. АКТИВНОСТИ

Во 2024 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми и штетници, Општина Демир Хисар ќе ги преземе следните активности:

| | Планирана активност | Место и локација | Месец на извршување | Планирани средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дезинсекција | Зелени површини, подрачја по течение на реките и водотеците, застојни води и подрачјата околу каналски системи на територијата на Општина Демир Хисар, урбани населби. | - март/април<br>- јуни<br>- јули<br>- август | 150.000,00 |
| 2 | Дератизација | Градот Демир Хисар, н.м. Суводол, Кутретино, Слепче, Сопотница, Велмевци, Слоештица | - мај<br>- октомври | 150.000,00 |
| 3 | Стручен надзор | | | 20.000,00 |
| | **Вкупно денари : 320.000,00** | | | |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година - Подпрограма Ј80-други комунални услуги.

## V. КОНТРОЛА

Контролата врз реализација на активностите од програмата ќе врши стручно лице ангажирано од страна на Општина Демир Хисар.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар “.

Бр.17-____/__
__. __.20__ г.
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски